АЕК
Република Македонија
Агенција за електронски комуникации

**З А П И С Н И К**

**од седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.03.2025 година, во 14:30 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска .

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за седмиот состанок за 2025 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од шестиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање на согласност за објавување на оглас за практикантска работа во Агенцијата за електронски комуникации;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за превентивно и адаптивно одржување на системите за управување со компјутерски инциденти и сајбер безбедносни настани и информации;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за организација на Меѓународна регулаторна конференција;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за седмиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно даде согласност за објавување на оглас за практикантска работа во Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, согласно Законот за практикантство ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19 и 103/2021).

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга за превентивно и адаптивно одржување на системите за управување со компјутерски инциденти и сајбер безбедносни настани и информации.

Во врска со точка 5, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга за организација на Меѓународна регулаторна конференција, по претходно објасување од Раководителот на Одделението за јавни набавки дека нема потреба од менување на Планот за јавни набавки во однос на вредноста на набавката како и дека истата може да се објави пред ребаланс на буџетот на АЕК.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател__________

д-р Адмирим Алити, член ____________________

Анѓелка Диневска, член____________________

Насер Адеми, член______________________

Анкица Трпковска, член____________________

Наш број 1102-12/2

Скопје 26.03.2025 година